**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

...ЕДОНИЈА
...развојни зони
...industriale
Бр./Nr 01-1156/1
10.09.2024 год./viti

ТИРЗ

РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Скопје, 10.09.2024 година**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23), в.д. Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на ден 10.09.2024 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/5 од 02.11.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/8 од 06.12.2023 година, и тоа:

Член 2

Во дел IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ, во член 14 во табеларниот приказ на работни места, во Сектор под точка 2.Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки, кај работното место под реден број 07, со шифра УПР 01 01 Б03 000, Помошник раководител на сектор за општи работи, во делот Вид на образование, зборовите “Општествени науки - Право или други општествени науки”, се менуваат и гласат: “Високо образование”.

Член 3

Во табеларниот приказ на работни места во Сектор под точка 3. Сектор за управување со ресурси, кај работното место под реден број 39, со шифра УПР 01 01 Б04 000, Раководител на одделение за управување со недвижности, во делот Вид на образование, зборовите “Општествени науки – Право или Економија и бизнис“ се менуваат и гласат: “Инженерство и технологија “.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

в.д. Директор
Д-р Гоце Димовски

---------------------------------